ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 03 - 500 / 1
10.07.2024
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 112

Скопје, 10. 7. 2024 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

## СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на истражувач во сите научни звања по група предмети од областа на филозофија и друго (методологија на научно истражување) на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИЛОЗОФИЈА И ДРУГО (МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЊЕ) НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ - СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 02-4/3 од 4. 6. 2024 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на истражувач во сите научни звања по група предмети од областа на филозофија и друго (методологија на научно истражување) на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој - Скопје. На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања, објавен на 11. 5. 2024 година, се пријави кандидатката д-р Вера Хаџи Пуља.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатката д-р Вера Хаџи Пуља ги задоволува условите наведени во конкурсот. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марјан Бојаџиев, проф. д-р Иван Додовски и проф. д-р Марјан Петрески го изготви следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања по група предмети од областа на филозофија и друго (методологија на научно истражување), објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 11. 5. 2024 година, се пријави кандидатката д-р Вера Хаџи Пуља.

**Биографски податоци**

Вера Хаџи-Пуља е родена на 6. 8. 1987 година. Основното образование го завршува во ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ (во Општина Центар во 2001 година). Средно училиште завршува во УСО „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје во 2005 година и истата година се запишува на Меѓународниот институт за француски студии (Institut international d'études françaises) при Универзитетот Марк Блох во Стразбур (Université Marc Bloch), сега Универзитет во Стразбур (*Université de Strasbourg*). Една година подоцна се запишува на Катедрата за јазици, култури и општества, насока философија, отсек античка философија, при овој универзитет. Дипломира во 2009 година на тогаш новоформираниот Универзитет во Стразбур (Université de Strasbourg).

Во 2009 година Вера Хаџи-Пуља е примена на програмата Еразмус Мундус Еврофилософија „Германската и француската философија во европскиот простор“ (Master Erasmus Mundus EuroPhilosophie « Philosophie allemande et française dans l'espace européen »), со целосна стипендија. Во рамките на програмата, таа студира еден семестар на Карловиот универзитет во Прага (Univerzita Karlova v Praze) и три семестри на Католичкиот универзитет во Лувен (Université catholique de Louvain). Остварува и едномесечен престој на Универзитетот Хосеи (Hosei university) во Токио. Магистрира во 2011 година година во областа на онтологијата, со одбрана на магистерски труд со наслов „Трипати ништо“ (« Trois fois rien »).

Во 2016 година, Вера Хаџи-Пуља запишува докторски студии на Универзитетот Сорбона (Париз IV) (Sorbonne université (Paris IV), под менторство на проф. Доминик Прадел (Dominique Pradelle). Докторира во 2023 година во областите на онтологијата и теоријата на познанието со фокус на раната германска феноменологија, бранејќи труд насловен како „Феноменологија и раѓање“ (« Phénoménologie et naissance ») пред комисија во состав: проф. Доминик Прадел (Dominique Pradelle), проф. Натали Депра (Natalie Depraz), проф. Емануел Усе (Emmanuel Housset), проф. Франсоа-Давид Себа (François-David Sebbah) и доц. Клаудија Сербан (Claudia Serban).

**Работно искуство**

Меѓу 2011 и 2013 година Вера Хаџи-Пуља предава англиски и француски јазик во повеќе приватни училишта во Скопје, а од септември 2013 година е ангажирана како демонстратор на Институтот за философија на Философскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во тоа својство држи вежби по предметите Вовед во философија, Философска антропологија, Јазикот и родот, Философија на јазикот, Аксиологија, Философија на право и Гносеологија. Во 2013 година, избрана е за асистент-докторанд на истиот институт, кадешто во следните пет години држи вежби по предметите: Академско пишување, Онтологија, Философска терминологија, Историја на логика, Методологија, Аксиологија, Философија на право, Гносеологија и Философија на јазикот.

Во септември 2021 година Вера Хаџи-Пуља заминува за Париз, каде што води научен проект во соработка со Катедрата Иницијатива за био-медицински хуманистички науки (Initiative humanités biomédicales) при Универзитетот Сорбона (Париз IV), со наслов: „Феноменологија на болката“ (« Phénoménologie de la douleur »). Една година подоцна се враќа во Скопје каде што две години ќе работи како професор по философија, етика и граѓанско образование во неколку државни средни училишта, а потоа и како професор по група предмети од програмата „Меѓународна матура“ (IB program) во приватно средно училиште**.** Од 2023 година ангажирана е во Американската гимназија Скопје, како професор по философија, логика и етика.

**Области на истражување**

Онтологија, Теорија на познание, Феноменологија, Квалитативни методи на емпириско истражување.

**Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

Публикации:

1. Hadji-Pulja V., « La simulation globale dans la révolution numérique » *in* Synergies Turquie, n°9, Gerflint, 2016, pp. 117-127

(https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://gerflint.fr/Base/Turquie9/hulot_hadzi_pulja.pdf&ved=2ahUKEwiW1JviifCGAxUmcPEDHW9RBfUQFnoECBAQAQ&usg=AOvVaw3V75InMuT3ecpTz2j8SbFO)

2. Hadji-Pulja V., « La coopération franco-macédonienne en sciences sociales et humanités » *in* La coopération franco-macédonienne et inter-académique dans l'esprit de nouveaux défis de la Francophonie. Travaux du colloque du 15 mars 2016 à Skopje, Skopje, 2016, pp. 101-112

3. Хаџи-Пуља В., „За гревот, тишината и другоста" *in Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, книга 69, Скопје, 2016, с. 45-60

(https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/24851/1/GZ69.06.%20%d0%a5%d0%b0%d1%9f%d0%b8-%d0%9f%d1%83%d1%99%d0%b0%2c%20%d0%92.%20-%20%d0%97%d0%b0%20%d0%b3%d1%80%d0%b5%d0%b2%d0%be%d1%82%2c%20%d1%82%d0%b8%d1%88%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%b0%20%d0%b8%20%d0%b4%d1%80%d1%83%d0%b3%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b0.pdf)

4. Хаџи-Пуља В., „Македонскиот јазик не е сиромав, тој е глаголски" *in Славистички студии*, бр. 17, Скопје, 2017, с. 265-279

(https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://flf.ukim.mk/wp-content/uploads/Slavisticki-studii.BR-17.pdf&ved=2ahUKEwiq_5b6i_CGAxUFRPEDHcDkB_cQFnoECBUQAQ&usg=AOvVaw1Y5XWiIMjaUWLGl4kkNmeD)

5. Хаџи-Пуља В., „Единството на душата и на телото. Ненадминатите решенија на Новиот Век" *in За душата. Зборник на текстови од Меѓународната научна конференција одржана на 1-3 јуни 2016 година во организација на Здружението за компаративна книжевност на Македонија (ЗКММ), Здружението на класични филолози „АНТИКА" и Философското друштво на Македонија*, Скопје, 2019, с. 275-289

(https://www.scribd.com/document/608530846/%D0%97%D0%B0-%D0%B4%D1%83%D1%88%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%BF%D0%BB%D0%B5%D1%82)

6. Хаџи-Пуља В., „*Analogia entis*. За смислата на еден генитив" *in Логос и тропос. Зборник на текстови од Меѓународниот симпозиум одржан на 20-30 2017 година во организација на Институтот за философија и Институтот за класични студии на Философскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во соработка со Здружението на класични филолози „АНТИКА" и Философското друштво на Македонија*, Скопје, 2020, с. 93-106

(https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/8970/1/%25D0%259B%25D0%25BE%25D0%25B3%25D0%25BE%25D1%2581%2520%25D0%25B8%2520%25D0%25A2%25D1%2580%25D0%25BE%25D0%25BF%25D0%25BE%25D1%2581%2520%25D1%2586%25D0%25B5%25D0%25BB%2520%25282%2529.pdf&ved=2ahUKEwi71ImUjfCGAxV6XvEDHbg_Ab4QFnoECBMQAQ&usg=AOvVaw09pruHWY4DYsaL151Uct5M)

7. Hadji-Pulja V., "Husserlian phenomenology of limit-problems: a "'geometry' of lived experience"?" *in Human Studies. Special issue on Phenomenology and the limits of experience*, 2024, (петгодишен IF: 1)

(https://doi.org/10.1007/s10746-024-09729-2)

*Учество на позначајни конференции:*

1. Ко-организација и учество на семинар „На-спроти сега" (« Résister au présent »), во соработка со Алекси Зимер (Alexis Zimmer), Гаетан Ило (Gaëtan Hulot), Никола Сант-Ев

(Nicolas Saint-Eve) и здружението Парламентот на философите (Parlement des philosophes), во Стразбур, 2007-2008

2. Учество на семинар „За иднината на нашите школски установи: обука и револуција“ (« De l’avenir de nos établissements d’enseignement : formation et révolution ») организиран од здружението Парламентот на философите (Parlement des philosophes), во Стразбур, 05.2007 год.
3. Стипендирано учество на меѓународниот семинар „Семинар-EUCOR: Текст и традиции во Средниот Век: Окам за универзалиите (“EUCOR-Seminar: Text and traditions in the Middle Ages: Ockham on universals”), организиран од Алберт Лудвиг универзитет Фрајбург (Albert-Ludwigs-universität Freiburg), во Фрајбург, 5. 2008 год.
4. Ко-организација и учество на конференцијата „Повикот од Стразбур (« l’Appel de Strasbourg ») во соработка со проф. Паскал Мајар (Pascal Maillard), проф. Патрик Верли (Patrick Werly) и Изабел Баладин-Овалд (Isabelle Baladine-Howald), во Овалд, 3. 2009 год.
5. Стипендирано учество на конференцијата „Мета-стабилниот систем и индивидуацијата. Околу Жилбер Симондон“ (« Le système méta-stable et l’individuation. Autour de Gilbert Simondon ») организирана од универзитет Меиџи (Meiji university), во Токио, 3. 2010 год.
6. Учество на летен универзитет на мрежата ОФРЕС (Université d’été du réseau OFFRES), на тема „Аргументацијата, право, политика, науки“ (« L’argumentation, droit, politique, sciences ») организиран од мрежата ОФРЕС (OFFRES) во соработка со конзорциумот Еразмус Мундус ЕвроФилософија (Erasmus Mundus EuroPhilosophie), во Охрид, 7. 2011 год.
7. Предавање по повод Месецот на француската философија организиран од Институтот за философија на Философскиот факултет, Философското друштво на Македонија и Францускиот институт во Скопје, во Скопје, 12. 2013 год.
8. Учество на меѓународна конференција „Македонско-француската меѓуакадемска соработка во духот на новите предизвици на Франкофонијата“ (« La coopération franco-macédonienne et inter-académique dans l’esprit de nouveaux défis de la Francophonie ») организирана од МАНУ во соработка со Францускиот институт во Скопје, во Скопје, 3. 2016 год.
9. Учество на меѓународна конференција „За душата“ организирана од Здружението за компаративна книжевност на Македонија (ЗКММ), Здружението на класични филолози „АНТИКА“ и Философското друштво на Македонија, во Скопје, 6. 2016 год.
10. Учество на меѓународна конференција „Логос и тропос“ организирана од Институтот за философија и Институтот за класични студии на Философскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во соработка со Здружението на класични филолози „АНТИКА“ и Философското друштво на Македонија, во Скопје, 4. 2017 год.
11. Стипендирано учество на годишниот семинар на Еразмус Мундус ЕвроФилософија (Erasmus Mundus EuroPhilosophie) организиран од Еразмус Мундус ЕвроФилософија (Erasmus Mundus EuroPhilosophie), во Коимбра, 02.2020 год.
12. Стипендирано учество на меѓународна конференција „Феноменологијата и границите на искуството“ (“Phenomenology and the limits of experience”) организирана од Институтот за истражувања во хуманистичките науки (Institute for research in the humanities) при Универзитетот во Букурешт (University of Bucharest) и Романското здружение за феноменологија (The Romanian society for phenomenology), во Букурешт, 9. 2023 год.
13. Учество на меѓународна конференција „Семиотиката: алатка за интер- и трансдисциплинарно истражување“ (« La sémiotique, organon pour une recherche inter- et transdisciplinaire ? ») организирана од Факултетот за книжевност (Faculté des lettres) при

Универзитетот Сорбона (Париз IV) (Sorbonne Université (Paris IV)), Педагошката виша школа во Св. Гален (Pädagogische Hochschule St. Gallen) и Универзитетот во Постдам (Universität Potsdam), во Париз, 11. 2023 год.

14. Учество на меѓународна конференција „Интеракција човек-машина ’24“ (« IHM ’24 ») организирана од Универзитетот Сорбона (Париз IV) (Sorbonne Université (Paris IV)) и Францускoто здружение за интеракција човек-машина (AFIHM), во Париз, 3. 2024 год.

**Вештини и знаење**

- Странски јазици: англиски (ниво на втор мајчин јазик), француски (ниво на втор мајчин јазик), германски (добро ниво), старогрчки (почетно ниво).
- Работа со компјутер (MS Office, OpenOffice).

Од означениот преглед на работа и биографијата произлегува дека кандидатката Вера Хаџи-Пуља подолго време се занимава со практична и научно-истражувачка активност во областа на филозофијата и друго (методологија на научно истражување).

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со Законот за научно-истражувачка дејност и позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој - Скопје, да ја избере кандидатката Вера Хаџи-Пуља во звањето научен соработник во областа на филозофија и друго (методологија на научно истражување).

Рецензентска комисија:

проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.

проф. д-р Иван Додовски, с.р.

проф. д-р Марјан Петрески, с.р.

# BULLETIN

**OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE**

ISSN 1857-5323